Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 07.06.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 16/4 | 0 | |

Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

УП1 БР. 14-791
година 30-05-2019

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на 216 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Бизнис и економија, насока Финансии и банкарство на Факултет за Бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

5. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Бизнис и економија, насока Финансии и банкарство на Факултет за Бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, се обрати со барање бр. 03-16/3 од 04.04.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-791 од 05.04.2019 година, за добивање на Решение за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Бизнис и економија, насока Финансии и банкарство на Факултет за Бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-30/3 од 29.03.2019 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-791 од 12.04.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата изврши увид за исполнетоста на условите за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение и изготви Извештај УП1 бр. 14-787 од 15.05.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус четиригодишни студии по Бизнис и економија, насока Финансии и банкарство на Факултет за Бизнис и економија, при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, се исполнети условите согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено до:
- Архива

Подготвил: м-р Хана Дарлишта
Контролирал: Снежана Лузевска

[1] 03-16/4 [2019]

Republika e Maqedonisë së Veriut / Република Северна Македонија

Министерство за образование и наука

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 07.06.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 15/4 | 0 | |

30-05-2019 УП1 БР. 14-787
____________година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на 216 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии на англиски јазик по Бизнис и економија, насока Финансии и банкарство на Факултет за Бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

7. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии на англиски јазик по Бизнис и економија, насока Финансии и банкарство на Факултет за Бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

8. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, се обрати со барање бр. 03-15/3 од 04.04.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-787 од 05.04.2019 година, за добивање на Решение за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии на англиски јазик по Бизнис и економија, насока Финансии и банкарство на Факултет за Бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-29/3 од 29.03.2019 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-787 од 12.04.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата, изврши увид за исполнетоста на условите за студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение и изготви Извештај УП1 бр. 14-787 од 15.05.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од од прв циклус четиригодишни студии на англиски јазик по Бизнис и економија, насока Финансии и банкарство на Факултет за Бизнис и економија, при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, се исполнети условите согласно Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Република Северна Македонија * Министерство за образование и наука * Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut * Ministria e Arsimit dhe Shkencës * Shkup

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Архива

Подготвил: м-р Хана Дарлишта
Контролирал: Снежана Лузевска

[1] 03-15/4 [2019]